# ПРАВИЛА ЗА УЧЕСТВУВАЊЕ ВО ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА ПОДАРОК МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН iPhone 16

1. Подарокот го доделува Телекабел ДООЕЛ, Ванчо Прке 88, Штип.
2. Цел на давањето подарок е да се промовираат услугите што Телекабел ги нуди на телекомуникацискиот пазар.
3. Право на учество и извлекување имаат исклучиво активни корисници на мобилна телефонија на Телекабел. Корисници кои во било кој момент од траење на наградната игра се вработени во Телекабел немаат право на учество.
4. Телекабел на неопределено време и еднаш месечно на социјалните мрежи Instagram i Facebook ќе објавува едно прашање кое се однесува на услугите и работата на Телакебел.
5. Одговорите на прашањата корисниците кои сакат да учествуват треба да ги пратат како SMS порака на бројот 747474.
6. Сите корисници што ќе пратат SMS на 747474 ќе добијат повратна порака дека бројот е регистриран за извлекување на подарок. Доколку корисникот не добие повратен SMS треба да провери на својот мобилен дали го користи SMS центарот на Телекабел. Некои апликации ја превземаат улогата на SMS-центар доколку корисникот се согласи на тоа при инсталација. Исто така неопходно е бројот кој праќа SMS да е активен број во мобилната мрежа на Телекабел. Секој број има право само еднаш да прати SMS.
7. За извлекување на добитникот на подарок се користи апликацијата Rafflys која е специјализирана за доделување на подароци (Giveaways) преку социјалните мрежи. Сите корисници со точни одговори ќе бидат внесувани на специјален профил за конкретното наградно прашање.
8. По извлекувањето добитниците на подароци ќе бидат објавувани на социјалните мрежи со име и презиме заради транспарентност на наградната игра.